Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден ___________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на ТЦ 35/0,4kV на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35кV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35кV вод, КО Паликура, општина Росоман, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на ТЦ 35/0,4kV на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35кV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35кV вод, КО Паликура, општина Росоман, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на ТС 35/0,4kV на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35kV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура, општина Росоман се изработува за приклучување на површински соларни централи од две градежни парцели планирани со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градт на земјиште), на дел од КП 367, КП370, КП371, дел од КП 372, КП 373, КП 374, КП 375, 377 и КП 378, КО Паликура, општина Росоман и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на КП 365/1 и КП 366, КО Паликура, општина Росоман на новопланирана ТС 35/0,4 kV од која се планира 35kV кабел до постоен воздушен 35kV вод. Кабелот се планира во коридорот на постоен земјан пат. Апроксимативна површина на проектен опфат е 975м², додека подземен електричен вод за 35kV кабел е со апроксимативна должина од 212м. Овој УП нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-788/9
Датум: 24.03.2023
Место: Скопје

**Министер**
**Благој Бочварски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE E LIDHJEVE
СКОПЈЕ - SHKUP